КАРПОШ
неделен
Е - БИЛТЕН







**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ**
**1-11 март 2024 Билтен бр. 556**

# ДВЕ УЧИЛИШТА И ДЕТСКА ГРАДИНКА ОД КАРПОШ КОРИСТАТ ЕНЕРГИЈА ОД ФОТОВОЛТАИЦИ

**На 1 март беше пуштена во употреба првиот фотоволтаичен систем за добивање на електрична енергија, кој е поставен во основното училиште „Јан Амос Коменски", во населбата Тафталиџе 1. На настанот присуствуваше и градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, кој во оваа пригода даде изјава за медиумите.**

**Локалната самоуправа продолжува да работи на подобрување на енергетската ефикасност и независност, поставувајќи две фотоволтаични системи со моќност од 25 Kw, поточно во училиштата „Јан Амос Коменски" и „Лазо Трповски". Значи, вкупната инсталирана сила во двата објекта ќе биде 50 Kw – прецизираше Јакимовски.**

**Општината има направено мерење на потрошувачката на електрична енергија во училиштата, особено наутро кога најмногу се користат смарт-таблите, каде што се бележи потрошувачка од околу 20 Kw. Тоа значи дека со намалување на потрошувачката се создаваат услови, остатокот на произведена енергија да се продава и да се вклучи во системот на ЕВН.**

**Во овој случај училиштата ќе можат да приходуваат, односно во вечерните часови кога не работат фотоволтаичните системи, ќе може таа електрична енергија да се компензира. Во исто време, со средства на Општината во висина од 2 милиони денари ќе поставиме фотоволтаици во училиштата „Димо Хаџи Димов" и „Петар Поп Арсов". Од друга страна пак, Општина Карпош како учесник во проектот на Бирото за регионален развој и Скопскиот плански регион, ќе го искористи грантот во висина од 2,5 милиони денари, за поставување на фотоволтаични системи во училиштата „Владо Тасевски" и „Војдан Чернодрински". Водејќи се според планот, првенствено ги опфаќаме најголемите училишта во локалната самоуправа, така што за наредната година ни остануваат другите четири училишта на наша територија – истакна првиот човек на Општината.**

**Градоначалникот објасни дека на овој начин се заокружува процесот на осамостојување од напојувањето на електрична енергија од системот на ЕВН.**

**Засега имаме поставено фотоволтаици само во една детска градинка од вкупно 13, поточно во градинка „Мајски Цвет“ во населбата Тафталиџе 2, каде што со овој систем се добива и топла вода и електрична енергија. Потоа, секако дека ќе продолжиме со оваа иницијатива и со останатите предучилишни објекти на територија на Карпош. Оттука сакаме да ја намалиме потрошувачката на електрична енергија, со што ќе останат повеќе средства за училиштата и градинките за останатите потреби кои ги имаат тие. Сметаме дека сето ова ќе влијае врз подобрување на условите за работа на основците и децата од предучилишна возраст – додаде Јакимовски.**



## СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

**Почитувани,**
**Ве известуваме дека во пресрет на претстојните претседателски и парламентарни избори 2024 година, согласно со членот 8-а од Изборниот законик на РСМ, Општина Карпош не може да врши исплати од буџетските средства на локалната самоуправа, ниту пак да одлучува по однос на Јавните огласи и повици. Оттука, ве информираме дека постапките се ставени во мирување и со нивна реализација ќе се пристапи по завршување на изборниот процес.**

## ЗАВРШИЈА СУБВЕНЦИИТЕ ЗА ВЕЛОСИПЕДИ И ЕЛ.ТРОТИНЕТИ

**Ве известуваме дека предвидените средства од 850.000 денари за субвенционирање при купување на нов велосипед и електричен тротинет се целосно исцрпени.**

# СОВЕТОТ ЈА УСВОИ ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2023 ГОДИНА

**Во рамки на 45. седница, членовите на Советот на Општина Карпош ги разгледуваа и одлучуваа за десетте точки кои се најдоа на денешниот дневен ред. Во таа насока беше усвоен Заклучокот, односно Годишниот Извештај за работата на ЕВР – „Карпош" за 2023 година – Полициска станица од општа надлежност „Карпош".**

**Мнозинството советници од Карпош ја изгласаа Завршната сметка на Буџетот на локалната самоуправа за 2023 година, којашто е изработена врз основа на Законот за буџетите и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Инаку, остварувањето на приходи во Буџетот за 2023 година зависи од приливот на средства добиени од даноците на имот, даноците на промет на недвижнини, надоместокот за уредување на градежно земјиште, од фондовите, трансферите од други нивоа на власт како и од самофинасирачките активности и блок дотациите за основното образование и детските градинки.**

**Вкупните приходи на консолидираниот буџет се предвидени во износ од 1.264.866.000 денари, при што се релизирани вкупни расходи во износ од 1.130.453.993 денари. Оттука, приходите на општинскиот буџет се предвидени во износ од 601.231.000 денари, додека пак вкупните реализирани приходи изнесуваат 525.937.540 денари.**

**Со истата динамика беше изгласан и Годишниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2023 година, како и Годишната сметка на Буџетот на Општината за 2023 година.**

**Советниците ги разгледуваа и трите Предлог – Одлуки кои се однесуваат на донесување на Технички исправки. Поточно, станува збор за изработка на Предлог за техничка исправка на Детален урбанистички план за ГП 4.3.10 од ДУП (измена и дополна) за населба Влае 1 дел Б, донесен со Одлука од 19.07.2002 година, КО Ѓорче Петров 4, Општина Капош- Скопје. Се разгледуваа и Предлогот за Техничка исправка за ГП 6.85 од ДУП (измена и дополна) за населба Козле, М.З. Пецо Божиновски Кочо – дел (Одлука од 28.02.2001 година), како и Предлогот за Техничка исправка за ГП 9.21 од ДУП за Градска четврт ЦС 15 – Криви Дол, Општина Карпош, Скопје (Одлука од 30.12.2014 година). Веднаш по разгледувањето, со мнозинство гласови беа изгласани трите Предлог – Одлуки за донесување на Технички исправки.**

**Советниците дадоа „зелено светло“ и за четирите Предлог – Одлуки за формирање на групи со поголем односно со помал број на деца, од законски предвидениот број на дечиња, во групите во детските градинки „Мајски Цвет“, „Орце Николов“, „Распеана Младост“ и „Пролет“.**

